# ИЗВЕШТАЈ ОД XXII СТРУЧЕН КОНГРЕС НА СТУДЕНТИТЕ ПО МЕДИЦИНА И СТОМАТОЛОГИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА

XXII Стручен конгрес на студентите по медицина и стоматологија на Југославија се одржа од 19–23.03.1980 г. во Врњачка бања, во организација на ОО ССМ на Стоматолошкиот факултет во Белград. На Конгресот со своите трудови зедоа учество над 600 студенти од сите медицински и стоматолошки факултети од Југославија.

По пригодниот културно–уметнички програм, беше прочитано поздравното писмо што учесниците на Конгресот му го испратија на својот најсакан пријател– другарот ТИТО. По свеченото отворање започна работниот дел на Конгресот.

Трудовите што беа презентирани беа воглавном, на едно солидно ниво. Забележителен е порастот на квалитетот на изработени теми во споредба со изминатите конгреси. Нашиот факултет го претставуваа 48 трудови кои наидоа на мошне добар прием и добија општо признание за својот квалитет.

Со студентите од нашиот факултет на Конгресот присуствуваа и: Акад. проф. др. Исак Тацер, Проф. др. Трајко Трајков и Проф. др. Стевка Чевреска, кои со својот авторитет и несебичната помош, во голема мерка придонесоа нашиот настап и учество на Конгресот да бидат повеќе од успешни.

Паралелно со научно–стручната работа се одвиваше и општествено–политичката активност на делегатите од сите факултети. Беа одржани две пленарни седници како и бројни состаноци на Работните групи за научно–истражувачка дејност, настава и самоуправување, спорт, меѓународна и интерфакултетска соработка и размена на студентите и на Работната група на Црвениот крст. Работата течеше според утврдениот план, со максимално залагање и ангажирање на делегатите, што резултираше со донесување повеќе значајни одлуки.

Културно–забавниот дел од Конгресот беше мошне богат и разновиден. Беа организирани екскурзии во околината на Врњачка бања, како и вечери со учество на неколку фолклорни групи, меѓу кои и КУД „Мика Митровиќ" од Белград.

Конгресот наполно ја оправда целта на своето постоење, не само во поглед на размена на искуства и мислења, туку и како место на кое младите од целата наша земја на дело ја потврдија цврстината на братството и единството што не признава граници, национална или верска припадност.

Импресивна беше сликата што ја пружаше хорот од 600 млади луѓе, кои полни со љубов и надеж и верба пееја: „Другар Тито ние Ти се колнеме". И не беше важно дали е некој алт, сопран или бас, ниту дали има слух, зашто песната извираше од срцата. И немаше човек што таа вечер не веруваше дека до секое катче, до секој камен на оваа наша кршна и непобедива земја одекнува гласот на заклетвата, на ветувањето што го дававме.

И кога низ салата се разлеаја звуците на „Југославијо", немаше срце што не затрепери. Широкото оро во кое еден до друг стоеја припадници на сите наши народи и народности е доволна причина за негување на ваквите собири и најдобра потврда за нашата решеност непоколебливо да се следи Титовиот пат, Титовото дело.

На крајот да ги спомeнеме и студентите: Волчева Вангелица и Наумовски Миле, кои беа одговорни за организацијата на патувањето на нашите студенти и кои наполно ја оправдаа довербата.

Без оглед на ситните пропусти во организацијата, Конгресот може да се оцени како мошне успешен и за тоа треба да им се оддаде признание на колегите од Белград.

Следниот, XXIII Стручен конгрес ќе го организираат студентите од Медицинскиот факултет во Сараево и ќе се одржи во март 1981 година.